РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-162
11.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-162 од 16.05.2025 г. за покренување на постапка за одземање на дозволата, Решението Уп1 бр.08-162 од 02.06.2025 г. за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата и Предлогот Уп1 бр.08-162 од 10.07.2025 г. за запирање на постапка за одземање на дозволата, а согласно Заклучокот за запирање на извршување од извршител, Гордана Цутеска од Охрид, И.бр.605/2025 од 08.07.2025 г., Поднесокот за повлекување на Приговорот поднесен до Основен суд Струга на 22.05.2025 г. против Налогот за извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г. (двата со наш арх.бр.03-2904/1 од 09.07.2025 г.), Известувањето од Секторот за финансии и логистика арх.бр.05-2090/2 од 09.07.2025 г. и Заклучокот, арх.бр.02-2909/2 од 11.07.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4 седница одржана на 11.07.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА постапката за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 г., прекината со Решение, Уп1 бр.08-162 од 02.06.2025 г., поради тоа што радиодифузерот изврши уплата на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 21 седница одржана на 19.05.2025 г., со Заклучок арх.бр.02-2125/2 од 20.05.2025 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-162 од 16.05.2025 г. на овластено лице од страна на директорот на Агенцијата, со Овластување, арх.бр.03-1112/1 од 19.03.2025 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 г., поради тоа што по извршениот редовен

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-2090/1 од 12.05.2025 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата, во износ од 885.315,00 (осумстотини осумдесет и пет илјади и триста и петнаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 03.04.2025 г. заклучно со 02.04.2026 г.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 20.05.2025 г. до радиодифузерот беше испратен Допис Уп1 бр.08-162 од 20.05.2025 г., за негово известување дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Известувањето Уп1 бр.08-162 од 20.05.2025 г., беше испратено во писмена форма по препорачана пошта до ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга и истото е испорачано на радиодифузерот на 22.05.2025 г. Воедно, известувањето на 20.05.2025 г. беше доставено и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

На 30.05.2025 г., управителот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, до Агенцијата достави Известување (наш арх.бр.03-2259/1 од 30.05.2025 г.), дека поради блокирани сметки по барање на Јавното претпријатие (ЈП) Национална радиодифузија не се во можност да го платат годишниот надоместок за дозволата, поради што пред Основниот суд во Струга поднел Приговор (примен во Судот на 22.05.2025 г.) против Налогот за извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г., донесен од извршител Гордана Џутеска од Охрид.

Во врска со цитираното Известување, а со оглед дека Основниот Суд Струга сеуште немаше донесено одлука по поднесениот Приговор на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга против Налогот за извршување, од која одлука зависеше деблокирањето на неговите жиро сметки, односно можноста за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата на 22 седница одржана на 30.05.2025 г., согласно Заклучокот, арх.бр.02-2224/2 од 30.05.2025 г. донесе Решение Уп1 бр.08-162 од 02.06.2025 г. за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување покрената со Предлог Уп1 бр.08-162 од 16.05.2025 г., до донесување на правосилна одлука од страна на надлежниот суд по Приговорот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга против (Налог за извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г.) донесен од извршител, Гордана Џутеска од Охрид.

Од страна на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга на 09.07.2025 г. на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) беше доставено Известување по однос плаќање на годишен надоместок за лиценца (наш арх.бр.05-2614/2) дека на 09.07.2025 г. веднаш по деблокирањето на сметките на радиодифузерот во банките, извршена е уплата по Фактура арх.бр.2025-100-0128 од 03.04.2025 г., за годишен надоместок за дозволата за радио емитување. Воедно, истиот ден на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) од страна на застапникот на радиодифузерот беше доставена документација во врска со постапката по Налогот за извршување И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г., и тоа: Потврда за намиреност на побарување, И.бр.605/2025 од 08.07.2025 г., Заклучок за запирање на извршување, И.бр.605/2025 од 08.07.2025 г., двете од извршител Гордана Џутеска од Охрид, како и Поднесок од полномошникот на должникот ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга дека го повлекува Приговорот поднесен до Основен суд Струга на ден 22.05.2025 г. против

Налогот за извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г. на извршител Гордана Џутеска од Охрид, кој поднесок е примен од страна на Судот на 09.07.2025 г. (двата со наш арх.бр.03-2904/1 од 09.07.2025 г.).

Секторот за финансии и логистика на 09.07.2025 г. до овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, по Овластување, арх.бр.03-2605/1 од 18.06.2025 г., достави Известување арх.бр.05-2090/2 од 09.07.2025 г. дека ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, на 09.07.2025 г., извршил целосна уплата во износ од 885.315,00 (осумстотини осумдесет и пет илјади и триста и петнаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 03.04.2025 г. заклучно со 02.04.2026 г., со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-162 од 16.05.2025 г, Решението за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-162 од 02.06.2025 г. и Предлогот Уп1 бр.08-162 од 10.07.2025 година, а согласно Заклучокот за запирање на извршување (И.бр.605/2025 од 08.07.2025 г.), Поднесокот за повлекување на Приговорот поднесен до Основен суд Струга на ден 22.05.2025 г. против Налогот за извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г. (двата со наш арх.бр.03-2904/1 од 09.07.2025 г.), Известувањето од Секторот за финансии и логистика арх.бр.05-2090/2 од 09.07.2025 г. и Заклучокот, арх.бр.02-2909/2 од 11.07.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4 седница одржана на 11.07.2025 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- Управителот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- Застапникот на радиодифузерот - Адвокатската канцеларија Владимир Стојкоски&Глигорие Ј.Ќатоски;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.